ГРАВЕ
Осигурување Неживот АД Скопје

Акционерско Друштво за осигурување
ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ
Бр. 0202-28/6
28.12.2020 год.
Скопје

# Д О П О Л Н И Т Е Л Н И  У С Л О В И
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА ДОМАЌИНСТВОТО ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ НЕЗГОДА
# ДУ-ОЧДПНС- НЕЗГОДА-2021

Овие Услови за осигурување ги донесе Управниот одбор на **ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје** на својата редовна седница одржана на 28.12.2020 г.

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) и овие Дополнителни услови за осигурување на членови на домаќинство од последици на несреќен случај (незгода) - (во понатамошен текст: Дополнителни услови), се составен дел на договорот за осигурување членови на домаќинство од последици на несреќен случај што договорувачот на осигурувањето ќе го склучи со ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ (во понатамошен текст: осигурувач).

Членови на домаќинство се сметаат: брачните другари, децата, родителите и останатите членови на заедничкото домаќинство кои во полисата или во приложен список кон неа се наведени поименично.

Под домаќинство се подразбира секоја фамилија или друга заедница на лица, чии членови заедно живеат и заеднички ги трошат своите приходи. Членови на домаќинството кои привремено живеат - станувaат во друго место (на школување, воени лица, или на привремена работа и т.н.) можат да се осигуруваат како членови на домаќинство.

Договорувач на осигурување може да биде секој член на домаќинството, или претпријатие или друга организација, односно секое правно лице кое има интерес да ги осигурува своите членови и нивните семејства.

Осигурувањето може да се договори за едно домаќинство - индивидуално осигурување, или за повеќе домаќинства - колективно осигурување, за случај на смрт и за случај на траен инвалидитет како последици на несреќен случај.

По овие Дополнителни услови можат да бидат осигурени членовите на домаќинството од своето раѓање до навршување на 70 години.

Со договорот за осигурување мораат да бидат осигурени сите членови на домаќинството на исти осигурени суми.

Доколку договорувачот не ги опфатил сите членови што живеат во домаќинството, при настанување на осигурен случај осигурената сума се
намалува во сразмер помеѓу платената премија и премијата што би требало да се плати според вистинскиот број на членовите на домаќинството.

Лицата наведени во став (1) од овој член се осигурени без оглед на нивната здравствена состојба, (освен лица за кои е потребна понуда за здравствена состојба од став (4) на овој член) општа работна способност и без плаќање на зголемена премија во смисла на членот 9 ст. (3) точка 3 од Општите услови, освен лицата што потполно се лишени од деловна способност, кои во секој случај се исклучени од осигурување.

## ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ И ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

**Член 2**

Обврската на осигурувачот во однос на секој осигурен член на домаќинството почнува во 24,00 часот во оној ден кога е платена договорената премија, но не порано од 24,00 часот во оној ден кој во полисата е означен како почеток на осигурувањето.

Обврската на осигурувачот за новопримен член на домаќинството запчочнува во 24,00 часот во оној ден кога осигурувачот го примил известувањето за пристапување и кога е платена премијата.

Обврската на осигурувачот за сите членови на домаќинството престанува во 24,00 часот во оној ден кој е наведен во полисата како истек на осигурувањето или престанала по некој друг основ.

Осигурувачот нема никаква обврска за исплата на осигурената сума за случај на смрт:

- ако осигуреникот во првата година на траење на осигурувањето, односно од своето пристапување во осигурувањето, изврши самоубиство,
- ако смртта на осигуреникот настапи поради извршување на смртна казна,
- ако смртта на осигуреникот настапи поради земјотрес,
- ако смртта на осигуреникот настапи поради настан кој директно се припишува на војна, инвазија, чин на надворешниот непријател, воени дивеења или воени операции (без оглед дали е објавена војна или не) граѓанска војна, буна или револуција.

За лице кое престанало да биде член на домаќинството (мажење, женење и т.н.) во тек на траење на осигурувањето, осигурувањето е на сила до истек на тековната година на осигурувањето.

Поради неплатена премија обврската на осигурувачот престанува според одредбите на член 4 од овие Дополнителни услови.

## ОСИГУРЕНИ СУМИ

**Член 3**

Наведените осигурени суми во полисата за еден осигуреник претставуваат најголем износ на обврската на осигурувачот за поодделен осигурен случај.

## ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА

**Член 4**

Договорувачот на осигурувањето, премијата ја плаќа веднаш и однапред за цела година за сите осигуреници без исклучок и за цело времетраење на осигурувањето ако не е поинаку договорено.

За членовите на домаќинството кои ќе пристапат во тек на траење на осигурувањето, за првата година се плаќаат толку дванаесетини од годишната премија колку месеци осигурувањето останува во важност до истекот на тековната година на осигурувањето. За секој новопримен член во домаќинството се издава нова полиса.

Ако договорувачот на осигурувањето не ја платил премијата ни во рок од 30 дена од нејзиното стасување, осигурувањето престанува по истекот на 30 дена од денот кога на договорувачот му е врачено препорачно писмо од осигурувачот со известување за стасаноста на премијата со тоа да тој рок не може да измине пред да поминат 30 дена од изминувањето на рокот на чекање.

**ПРИЈАВА НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ**

**Член 5**

Договорувачот на осигурувањето е должен на осигурувачот да му го пријави секој несреќен случај што ќе го снајде осигуреникот - членот на домаќинството во рок предвиден со член 13 од Општите услови и должен е да му ги даде сите потребни известувања заради појаснување на настанатиот несреќен случај.

**КОРИСНИК НА ОСИГУРУВАЊЕ**

**Член 6**

Ако во полисата не е поинаку предвидено, корисниците за случај на смрт на членовите на домаќинството се одредуваат според член 16 од Општите услови.

За случај на инвалидитет, корисник е самиот осигуреник.

Ако корисникот е малолетно лице, осигурената сума се исплатува на неговите родители односно старатели.

**ОБВРСКА НА ОСИГУРУВАЧОТ КОГА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА СЕ ПОМЛАДИ ОД 14 ГОДИНИ**

**Член 7**

Ако поради несреќен случај настапи смрт на осигуреникот помлад од 14 години, осигурувачот е во обврска да исплати на име трошоци за погреб договорената осигурена сума за случај на смрт, но најмногу до износот кој како максимален е утврден со Одлука на Управниот одбор на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 8**

Овие Дополнителни услови важат со Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода), а доколку нивната содржина е во спротивност со содржината на Општите услови, важат овие Дополнителни услови.

Овие Дополнителни услови влегуваат во сила од денот на донесување и

ќе се применуваат од 01.01.2021 година кога и престануваат да важат Дополнителните услови за осигурување на членови на домаќинството од последици на несреќен случај (незгода) донесени од Управниот одбор на 23.01.2020 година.

За Договорите за осигурување од несреќен случај (незгода) во кои е вклучен ризикот смрт како последица од болест кои ќе бидат склучени до 31.12.2020 ќе продолжат да важат Дополнителните услови за осигурување на членови на домаќинството од последици на несреќен случај (незгода) донесени од управниот одбор на 23.01.2020 година согласно скаденцата предвидена во договорот за осигурување, а најдоцна една година од нивното склучување.

**Член 9**

Постапка по приговори
Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Постапка по жалба
Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

Решавање спорови
Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

**Претседател на Управен Одбор**
**Марко Микиќ**

**Член на Управен Одбор**
**Елизабета Божиновска**

**Член на Управен Одбор**
**Селаудин Имами**